TKK
CLEAN PROTECT

# SHINY ZINC SPRAY




**ДОЛГОТРАЕН СЈАЕН ЗАШТИТЕН СЛОЈ КОЈ ШТИТИ ОД КОРОЗИЈА**

Заштитен цинков слој за метал со одлична адхезија. Хемиски се стврднува и формира долготраен метален слој кој ги штити металните површини од корозија и атмосферски агенси како што се водата и солта. Може да се нанесува боја врз него или да се остави како финална заштита на металот. Особено е погоден за заштита на заварени галванизирани делови. Доволна е една доза од 400 ml за да се покрие површина од 1,5-2m$^2$.

## СВОЈСТВА

- Спрејот е еднокомпонентен и спремен за употреба.
- Хемиски се стврднува и формира тврд и долготраен површински слој, има добра отпорност на механичко влијание, абразија, ерозија и ги штити металните површини од корозија и атмосферски агенси како што се водата и солта.
- Исушената површина е еластична, цврста, отпорна на временски услови и може да се остави како финална заштита или врз неа да нанесе друг вид боја.
- Слојот е до 30% подебел од конвенционалните слоеви боја.
- Не е штетен за озонот.

## ПРИМЕНА

- Погоден е за визуелно разубавување, поправки и заштита од корозија на метални површини. Погоден е за заштита на заварени поцинкувани делови, вклучувајќи и точкасто заварување. Најчеста примена е на заварени спојки, по валање, за резервоари, за обработка на метал.
- Оптималната температура за употреба е од 20 до 25°C.

**ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ**

| | |
|---|---|
| Боја: | светло сива течност |
| Мирис: | сличен на растворувач |
| Густина на 20°C: | 0,75-0,80 g/ml |
| Притисок на 20°C: | 4,0 ± 0,5 бари |
| Големина на зрно: | од 0 до 2 микрони |
| Дебелина по првото нанесување: | 11 микрони |
| Дебелина по третото нанесување: | 22 микрони |
| **Сушење:** | |
| Доволно суво за да не се лепи прашина: | 10 минути по нанесувањето |
| Суво на допир: | 20 минути по нанесувањето |
| Целосно сува површина: | 24 часа по нанесувањето |
| Температурна стабилност: | 100 – 120°C |

**УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА**

- Површината на која се нанесува слојот мора да биде сува и чиста.
- Добро протресете ја дозата пред употреба.
- Кога ќе го слушнете звукот на металните топчиња во дозата, продолжете да ја тресете уште една минута.
- Држете ја дозата 15 до 20 см од површината на која треба да се нанесе. За оптимален резултат препорачуваме да се нанесе два пати во временско растојание од 2 часа.
- По 24 часа може да се нанесе завршен слој.

**ПАКУВАЊЕ**

Доза со аеросол од 400 мл

**СКЛАДИРАЊЕ**

36 месеци на суво место на температура меѓу +10°C и +20°C. Чувајте ги дозите во исправена положба.

**ИНФОРМАЦИИ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА СРЕДСТВОТО ВРЗ ЗДРАВЈЕТО И ЗА НЕГОВО БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ, РАКУВАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ**

Дополнителни информации за безбедноста, упатства за безбедно ракување, информации за личната заштитна опрема и информации за отстранување на лепакот може да се најдат во безбедносниот лист. Безбедносниот лист е достапен на барање. Можете да добиете примерок и од вашиот продажен претставник на ТКК.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Дадените информации се врз основа на нашите тестирања и практично искуство. Сепак, поради специфичните услови и методи на работа препорачуваме да се направи проба пред секоја употреба.

TKK d. o. o. · Srpenica 1, 5224 Srpenica, Slovenia
+386 (0) 5 38 41 300 | info@tkk-group.com | www.tkk-group.com